РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3379/6
15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносителел без наведена адреса на живеење, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-3379/1 од 11.07.2023 година, оформен по пријава со наводи за беправна градба, незаконско трошење на пари и оштетување на буџетот на државата против ------------------------------------------------------------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што за предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-3379/1 од 11.07.2023 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До ДКСК поднесена е пријава од познат подносител, со наводи за бесправна градба, незаконско трошење на пари и оштетување на буџетот на државата, од страна на ----------------------------------------------------- и оформен е предмет број 12-3379/1 од 11.07.2023 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека именуваната без дозвола за градба бесправно изградила лифт во зградата каде се наоѓаат работните простории на ------------------------------ што е спротивно на Законот за градење.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет ДКСК со барање за доставување податоци и информации бр.12-3379/2 до ------------------------------------ побара од именуваната да се произнесе по наводите од пријавата.

По доставеното барање, од страна на пријавеното лице добиен е одговор во кој известува дека изведувањето на градежните работи, ѕидањето и поставувањето на лифт, во зградата каде се сместени работните простории на --------------------------------------------, ----------------------------------------- наведува дека посочените градежни работи биле изведени со програмата ИПА 2014 година преку Владата на РСМ за реновирање на просториите на ------------------------- во РСМ, во кој било опфатено и ---------------------------------------. Реновирањето на просториите било спроведено во периодот од месец Март 2019 до Декември 2019 година. Сите проекти, објави за тендери, избор на изведувач и плаќање се одвивало преку Владата на РСМ, поточно градежните работи преку Министерството за Правда, а канцелариските инвентар преку Министерството за финансии.

Дополнително од одговорот на именуваната ДКСК констатира дека за истите наводи од пријавата бил оформен кривичен предмет во Основното јавно обвинителство од Скопје РО 1979/23 кои преку МВР Единица за економски криминал било побарано и била доставена изјава од посочената обвинителка со сите докази со кои располагала за предмениот случај.

ДКСК се обрати со барање за доставување податоци и информации бр.12-3379/3 и до Општина Кавадарци, и побарано е општината да спроведе инспекциски надзор по наводите од пријавата, по што од страна на овластениот градежен инспектор на општината доставен е одговор дека истиот нема надлежност да постапува по барањето согласно Законот за градење бидејќи се работи за градба од прва категорија.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот постапува друг орган, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:С.М

Одобрил: Н.Б –член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**